# З А П И С Н И К
## Од Четириесеттата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 23.04.2026 година, во 09:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесеттата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

Четириесеттата седница на Програмскиот совет започна во 09:15 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесеттата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 39-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Спроведување постапка и донесување одлука за избор на директор на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 39-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесет и деветтата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Спроведување постапка и донесување одлука за избор на директор на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс**

Претседателот на Советот ја отвори втората точка од дневниот ред – **Спроведување постапка и донесување одлука за избор на директор на Македонска радио-телевизија по објавениот**

**Јавен конкурс.** Претседателот Давор Пашоски информираше дека објавениот Јавен конкурс за избор на Директор на МРТ, е спроведен согласно условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, а кој беше уредно објавен на 24.03.2026 година, во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", на Програмските сервиси на МТВ и МРА, како и на интернет страната на МРТ и истиот траеше 15 работни денови. Од увидот во штембилот за прием на пошта во Архивата на МРТ, се утврди дека сите пријави се поднесени во определениот рок од 15 работни денови. На Јавниот конкурс за избор на Директор на МРТ се пријавиле шест кандидати и еден кандидат, кој на Ковертот навел дека поднесува пријава за Конкурс за Директор на МРТ односно за Конкурс за Заменик на директорот на МРТ. Имено, тој коверт се разгледуваше како пријава за Конкурсот за избор на Директор на МРТ.
Потоа се продолжи кон отворање на пристигнатите коверти, односно најпрвин се отвораа ковертите со програма, означени со шифра избрана од кандидатите.

Кандидати за избор на Директор на МРТ:

1. Кандидат со шифра **"280312290709"**
2. Кандидат со шифра **"МРТ-2026-01"**
3. Кандидат со шифра **"19092014"**
4. Кандидат со шифра **"224651"**
5. Кандидат со шифра **"Хоризонт 2030"**
6. Кандидат со шифра **"МРТ е закон"**
7. Кандидат со шифра **"Ангела"**

Усвоено беше предлог програмите од кандидатите за директор на МРТ да се умножат во по три примероци, со цел да се овозможи подостапно и поефикасно разгледување на програмите, при што по нивното разгледување и по спроведувањето на изборот, службите беа задолжени веднаш да ги уништат копиите.

Претседателот на Програмскиот совет потсети дека секој член на Програмскиот совет на МРТ, согласно член 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 64 од Статутот на МРТ, има право да гласа само за еден од кандидатите за директор на МРТ, а за избран ќе се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ. Притоа нагласи дека целата постапка, критериумите, насоките за постапување и начинот на разгледување на пријавите биле претходно утврдени и едногласно усвоени од членовите на Програмскиот совет на 39-та седница, кој записник е јавно достапен и објавен во интерес на транспарентноста.

По детално разгледување на доставените програми, спроведената расправа и исцрпната дискусија по однос на секоја поединечна програма, Програмскиот совет на МРТ констатира

дека се исполнети условите за продолжување на постапката и пристапи кон јавно гласање, поединечно за програмите на кандидатите. Гласањето беше спроведено согласно однапред утврдениот и едногласно усвоен начин на постапување, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ и заклучоците донесени од Програмскиот совет. При гласањето, секоја програма беше разгледувана и ставена на изјаснување според шифрата под која била доставена, со цел обезбедување анонимност на идентитетот на кандидатите, објективност при оценувањето и непристрасност при одлучувањето. Секој член на Програмскиот совет имаше право да даде еден глас за една од доставените програми, при што гласањето се спроведе јавно, со поединечно изјаснување на членовите и евидентирање на резултатите во записникот. По спроведеното гласање, беа утврдени следните резултати:

1. Кандидат со шифра **“280312290709” – 1 (еден) глас**
2. Кандидат со шифра **“МРТ-2026-01” – нема гласови**
3. Кандидат со шифра **“19092014” – 12 (дванаесет) гласови**
4. Кандидат со шифра **“224651” – нема гласови**
5. Кандидат со шифра **“Хоризонт 2030” – нема гласови**
6. Кандидат со шифра **“МРТ е закон” – нема гласови**
7. Кандидат со шифра **“Ангела” – нема гласови**

По спроведеното гласање, од вкупно 13 членови на Програмскиот совет на МРТ, беше констатирано дека за најдобра понудена Програма најголем број гласови, односно **12 (дванаесет), доби кандидатот со шифра „19092014“.**

Потоа се пристапи кон дешифрирање на програмите:

1. Кандидат со шифра **“280312290709” е лицето Сотир Сотировски**
2. Кандидат со шифра **“МРТ-2026-01” е лицето Искра Ребац**
3. Кандидат со шифра **“19092014” е лицето Зоран Ристоски**
4. Кандидат со шифра **“224651” е лицето Игор Себишки**
5. Кандидат со шифра **“Хоризонт 2030” е лицето Тони Гламчевски**
6. Кандидат со шифра **“МРТ е закон” е лицето Зоран Богатинов**
7. Кандидат со шифра **“Ангела” е лицето Перо Попов**

По спроведеното дешифрирање на програмите, а согласно претходно утврдениот редослед и начинот на постапување, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, пристапи кон отворање на ковертот со придружна документација за кандидатот чија програма, доставена под шифра „19092014“, доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет. При отворањето на ковертот беше утврдено дека **шифрата**

**„19092014“** се однесува на кандидатот **Зоран Ристоски** од Скопје, роден на 04.04.1966 година.

По извршениот увид во доставената документација, беше констатирано дека кандидатот ги доставил документите предвидени со Јавниот конкурс, и тоа: Програма за работа, професионална биографија, диплома за завршено високо образование од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – дипломиран правник, потврда за најмалку осум години работно искуство, потврда за искуство со раководење организација од најмалку четири години, како и нотарски заверена изјава согласно член 30 од Статутот на МРТ.

Имајќи предвид дека кандидатот Зоран Ристоски освои најголем број гласови, а согласно начинот на постапување утврден на 39-та седница на Програмскиот совет, по извршениот увид во неговата документација беше констатирано дека во оваа фаза документацијата на останатите кандидати не е предмет на разгледување.

Програмскиот совет констатираше дека Програмата поднесена под шифра **„19092014“** година, од кандидатот **Зоран Ристоски** преставува сериозен документ направен врз темелна анализа на актуелните состојби во јавното претпријатие Македонска радио-телевизија, но и севкупниот развој на медиумите во државата. Материјалот содржи јасни показатели за состојбата, актуелните проблеми но и јасни насоки и мерки за нивно надминување и генералното подобрување на состојбата на јавниот сервис.

Програмата е конципирана во 13 заглавја со јасна визија и мисија во насока на постигнување институционалната сигурност и препознавање на јавниот сервис како медиум со кредибилитет и јавна вредност. Програмата е детално направена со јасни приоритети, развојни насоки и со мерливи индикатори за секоја мерка поединечно.
Градењето и зајакнувањето на кадровскиот потенцијал има значајно место во програмата на кандидатот, а истото е изразено преку јасна уредувачка ориентација, интензивирање на соработката со новинарските здруженија, медиумските организации и независните продуценти. Особено место во овој процес имаат и Универзитетите во земјата со кои по пат на интензивна соработка и менторски програми ќе се овозможи градење на нов кадар, но и унапредување на постоечкиот.
Дигитализацијата е значаен сегмент од програмата и истата се рефлектира низ сите фази и делови како соодветна алатка во процесот на зачувување на наследството и колективната меморија, но и унапредување на процесите на работа. Инфраструктурното и техничко опремување е наведено како алатка за квалитативно унапредување на процесите на работа но и како неминовна потреба на куќата.
Програмата нуди иновативен концепт за унапредување на синергијата и меѓусебната соработка помеѓу програмските сервиси на МРТ, преку координиран и комплементарен

пристап кон актуелните теми и интересите на граѓаните, како и афирмација на различностите во државата како нејзино значајно богатство. Преку обработка и промоција на заеднички и општествено релевантни теми, ваквиот пристап треба да придонесе кон натамошно зајакнување на мултиетничкиот и мултикултурниот аспект на државата, пресликан преку креативни и разновидни програми од интерес за сите граѓани.

Значаен квалитативен белег во програмата даваат концептите за развој и работа на културната и образовната програма преку јасен план за позиционирање и афирмација на домашната музичка култура. Особено важен сегмент во тој процес е создавање услови за возобновување на некогашниот оркестар на народни инструменти и Биг бендот, како и возобновување на Фестивалите Цветници и Скопскиот фестивал. Во таа смисла кандидатот нуди нов концепт на соработка со културните и образовни институции во форма на стабилно партнерство и нивна активна промоција.

Со особено внимание кандидатот пристапува кон култното радио Канал 103 како канал кој треба да овозможи афирмација на домашна музичка сцена со соодветна жанровска профилација.

Програмскиот совет заклучи дека, во целина, програмата на кандидатот **Зоран Ристоски** е комплексен и сериозен документ, но и реално димензиониран со соодветни алатки мерки за негова реализација.

Водејќи се од доставената биографија, Програмскиот совет констатираше дека Ристоски е долгогодишен медиумски, комуникациски и менаџерски професионалец со повеќе од три децении искуство во областа на медиумите, маркетингот, телевизиската и радио продукцијата, издаваштвото и регионалниот развој на меѓународни комуникациски мрежи. Во текот на кариерата изградил значајно искуство во создавање, водење и развој на медиумски и маркетиншки системи во Македонија, Балканот и Југоисточна Европа. Професионалниот пат го започнал во Македонската радио телевизија, каде работел на подготовка на сценарија, текстови и снимање на повеќе од 300 радио-реклами. Градејќи го професионалниот пат во државата и поширокиот Балкански регион учествувал и во отворањето на првата Grey/MediaCom канцеларија во Македонија, една од првите во регионот. Подоцна раководел со операциите на компанијата во Македонија, Албанија и Босна и Херцеговина, а презел и регионална одговорност за Косово, Црна Гора и Бугарија. Во периодот од 2011 до 2018 година бил активен во областа на комуникациите и истражувањата, организирајќи бројни професионални тренинзи и консултантски активности. Од 2018 година работи во „Медиа Ком“, каде е ангажиран во планирање и имплементација на медиумски, комуникациски и рекламни стратегии за повеќе пазари во регионот. Во текот на кариерата соработувал со голем број домашни, регионални и светски компании и организации. Истовремено има богато искуство и во телевизиска продукција, како продуцент, сценарист и реализатор на бројни емисии и медиумски содржини во земјата и

странство. Ристоски е дипломиран правник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дополнително посетувал повеќе од 50 професионални обуки и тренинзи низ Европа, насочени кон менаџмент, медиуми и комуникации. Од 2013 година ја извршува и функцијата почесен конзул на Република Гвинеја.

Претседателот Давор Пашоски констатираше дека од 13 присутни членови на Програмскиот совет на МРТ, **со 12 гласа ЗА, за Директор на МРТ го избра кандидатот Зоран Ристоски.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја стави на гласање Одлуката за избор на Директор на МРТ:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Бидејќи се исцрпија сите точки од дневниот ред, Претседателот Давор Пашоски констатираше дека 40-та седница е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори четириесеттата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:15 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-2340/4
24.04.2026г.

________________________

Давор Пашоски